РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2239/6
20.05.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 10.05.2024 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Довлева Давидовска, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни преку видео конференциска врска:** Драгана Велјановска од набљудувачката мисија на Канцеларијата за демократски институции и човекови права ОБСЕ (ОДИХР).

Г-дин Петрушевски ја отвори 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за", го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од првото продолжение на 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 02.05.2024 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 02.05.2024 година.
3. Извештај за платеното политичко рекламирање на радиодифузерите за првиот круг од изборната кампања за Претседателските избори 2024.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот ТОТАЛ ТВ од Скопје за прекршување на член 143 од ЗААВМУ.
5. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – стока: пијалаци.

6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Ресертификација на стандардот ISO 9001:2015 систем за управување на квалитет.

7. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од првото продолжение на 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 02.05.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 02.05.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Извештајот за платеното политичко рекламирање на радиодифузерите за првиот круг од изборната кампања за Претседателските избори 2024. Објасни дека согласно Изборниот законик, АВМУ до Државната изборна комисија треба да достави Извештај за платено политичко рекламирање (ППР), сега за првиот круг, а потоа дополнително и за вториот круг. Во овој документ е опфатено времето што го искористија седумте кандидати за ППР, со што заедно имаа можност да искористат 9 минути и 30 секунди согласно Упатството што го изготви Агенцијата. Посочи дека треба да се има предвид дека кај одредени радиодифузери имаше надминување на времето за ППР наспроти медиа плановите усогласени со политичките партии, но Агенцијата тие надминувања не ги стави во овој Извештај бидејќи тоа не било барање на политичките партии туку телевизиите од технички причини емитувале повеќе реклами. ППР се плаќа од буџетот на државата и за да не дојде до оштетување на буџетот, тие реклами што се вишок и не се совпаѓаат со медиа плановите се отстранети од Извештајот. Исто така од Извештајот се отстранети и оние ППР за кои што Агенцијата веќе поднесе прекршочна пријава, односно тие секунди што беа надвор од лимитите за ППР не се опфатени во Извештајот. На 2 мај Агенцијата издаде поединечно Потврди до сите радиодифузери за секој кандидат што искористил време за ППР, а денешниот Извештај всушност претставува сублимат односно збир од сите тие поединечни Потврди кои што се издадени на радиодифузерите. За време на првиот круг Претседателски избори кај 37-те телевизии беа емитувани вкупно 436 часа 44 минути и 30 секунди, а кај 27-те радија 130 часа 37 минути и 9 секунди, односно вкупно кај сите телевизии и радија 567 часа 21 минута и 39 секунди. Од 9-те национални телевизии најголем обем рекламно време имаа ТВ Алсат-М, ТВ Канал 5 и ТВ Компани 21-М, додека од националните радија најмногу рекламно време продадоа РА Антена 5 и РА Јон. Објасни дека во доставениот Извештај детално се изработени сите елементи од ППР и доколку има прашања одговор ќе даде раководителката м-р Емилија Јаневска.

Г-дин Петрушевски рече видно е дека Извештајот е детално изработен, дека е вложена огромна работа и ѝ честита на Службата за прецизноста. Од политичка гледна точка не е толку битен, но од финансиска страна е многу битен за радиодифузерите. Се надева дека мислењето на Агенцијата и на многу многу други дека треба да се укине

платеното политичко рекламирање со средства од буџетот, во иднина ќе се прифати и се изјасни дека ќе го поддржи Извештајот.

Г-дин Фиданоски рече дека и тој е еден од оние кои сметаат дека не е потребен ваков тип на финансирање на ППР, но се додека е законски тоа поставено како обврска, Законот мора да се спроведува. Овој Извештај според него е суштински дел од ланецот во процесот на исплата на средствата што ги добиваат радиодифузерите за емитувано ППР. Се согласува дека станува збор за еден детален и прегледен Извештај. Директорот Трајчевски ги навел податоците, кажал дека има неколку стотици поединечно издадени Потврди кои во овој Извештај се збирно прикажани како сублимат. Негов впечаток од Извештајот е дека кај телевизиите условно речено има доминација во ППР на претседателскиот кандидат Стево Пендаровски, додека кај радијата таквата условно речено доминација оди на сметка на сега веќе избраната претседателка Гордана Сиљановска Давкова. Она што исто така го забележал е дека има дисбаланс во ППР кај една национална телевизија, но тоа можеби е избор на останатите кандидати кои одлучиле да не се рекламираат кај тој медиум, како што некои од кандидатите апстинираа со ППР и на други национални телевизии. Таков тренд може да се каже дека имаше и кај некои од радијата, некои од кандидатите беа условно речено отсутни од етерот што веројатно бил нивен избор. Се изјасни дека ќе даде поддршка за Извештајот.

Г-дин Ајдини рече дека од Извештајот се гледа обемната работа на Агенцијата преточена во бројки, од кои се гледа дека кандидатите обемно се рекламирале. Според него овој документ ги содржи сите податоци и рече дека ќе даде поддршка за Извештајот.

Г-дин Трајчев рече дека станува збор за еден обемен Извештај во кој што е вложен голем труд од страна на Агенцијата. Верува дека точно и прецизно е сработен и дека овој Извештај реално ја прикажува сликата на вистинската и фактичка состојба на периодот и времето, каде што за секој посебен радиодифузер има одвоено ППР за секој кандидат. Се изјасни дека ќе го поддржи Извештајот затоа што верува дека точно и објективно ја прикажува сликата за време на првиот круг на Претседателските избори. Во делот на анализата на бројките нема да навлегува од причина што АВМУ понатаму не е надлежна околу финансиите и исплатата, надлежноста на Агенцијата е само да цени дали е почитуван Законот и Упатството кое што е донесено во делот на дозволениот лимит за ППР. Според него ова е реална, точна основа за да можат другите институции да си направат свои анализи во рамки на нивните надлежности и делокругот на работа. Се изјасни дека како еден финален Извештај за првиот круг од Претседателските избори ќе даде поддршка и убеден е дека бројките што се наведени во него се точно, јасни и прецизно измерени од страна на службите во Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Извештајот за платеното политичко рекламирање на радиодифузерите за првиот круг од изборната кампања за Претседателските избори 2024, со текст како што беше предложено.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Извештај, да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Секторот за програмски работи, горенаведениот Извештај, да го достави до Државната изборна комисија.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на операторот ТОТАЛ ТВ од Скопје за прекршување на член 143 од ЗААВМУ. Објасни дека кај овој оператор на јавна комуникациска мрежа е констатирано дека не врши реемитување на програмските сервиси „МРТ 2“, „МРТ 4“ и „МРТ 5“, што е спротивно на член 143 став 3 од ЗААВМУ. Бидејќи во оваа календарска година прв пат е констатирано прекршувањето се предлага да му се изрече мерка јавна опомена, потоа да се направи контролен надзор дали постапил по изречената опомена и да му се наложи веднаш да почне со реемитување на овие програмски сервиси.

Г-дин Петрушевски рече дека Советот веќе на некој начин се навикнал на ова прекршување кај операторот кое обично завршува со покренување прекршочна постапка која ТОТАЛ ТВ редовно ја плаќа.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-2018/1 од 23.04.2024 година и едногласно заклучи на Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 143 став 3 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година му наложи веднаш по приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на Република Северна Македонија, во својот програмски пакет ги нема обезбедено програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис односно не врши реемитување на програмските сервиси „МРТ 2“, „МРТ 4“ и „МРТ 5“, што е спротивно на член 143 став 3 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – стока: пијалаци. Објасни дека за спроведување на оваа набавка се исполнети законските обврски, таа е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2024 година а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за 2024 година и соодветно ќе се обезбедат во Финансискиот план за 2025 година, бидејќи договорот што ќе произлезе од спроведување на оваа набавка ќе се склучи за период од две години. Според висината на проценетите средства оваа набавка ќе се спроведе како набавка од мала вредност со почитување на сите одредби од Законот за јавни набавки за овој вид постапка што значи дека ќе се објави и на електронскиот систем на јавни набавки.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: пијалаци за потребите на Агенцијата.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот - стока: пијалаци за потребите на Агенцијата, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4729/1 од 22.12.2023 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година, односно истите ќе бидат дообезбедени во Финансискиот план за 2025 година.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Ресертификација на стандардот ISO 9001:2015 систем за управување на квалитет. Објасни дека оваа набавка е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2024 година а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за 2024 година, односно бидејќи договорот кој ќе произлезе ќе биде склучен за период од три години, соодветно ќе бидат обезбедени и во Финансискиот план за 2025 и 2026 година. Ќе се спроведе како набавка од мала вредност со почитување на сите одредби од Законот за јавни набавки за овој вид постапка што значи дека ќе се објави и на електронскиот систем на јавни набавки.

Г-дин Петрушевски рече дека ја поддржува оваа набавка, укажува на квалитетот на работењето на Агенцијата и така треба оваа институција и во иднина да продолжи, со постојано усовршување на системот и процедурите по кои што работи. Сведоци се самите дека тоа е навистина на високо ниво.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: ресертификација на стандардот ISO 9001:2015 систем за управување на квалитет.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот - услуга: ресертификација на стандардот ISO 9001:2015 систем за управување на квалитет, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4729/1 од 22.12.2023 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година, односно истите ќе бидат дообезбедени во Финансискиот план за 2025-та и 2026-та година.

**Точка 7**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

Лазо Мулевски

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**